# Рен бара резултати од дијалогот

Датум за преговори за Македонија побара европарламентарката Елс де Грун во вчерашната дебата за извештајот на Ерик Мејер за напредокот на нашата земја, на седницата на Европскиот парламент во Стразбур.

- Да не ѝ се дава на Македонија датум за преговори, за мене, е исто како да ви се роди бебе, а да не му издадете потврда дека е родено! Затоа, ги повикувам Советот и Комисијата повторно да ја разгледаат одлуката од пред две години и на Македонија да ѝ издадат извод од родените. Таквата смела одлука ќе биде стратегиски мудра за ЕУ, но и за Република Македонија - рече Де Грун.



**Македонија е како бебе без извод од родените: Елс де Грун**

Пред почетокот на пленарната седница комесарот за проширување Оли Рен се сретна со македонската парламентарна делегација на која ѝ рекол дека без политичка стабилност во Македонија не може да има економски развој, а политичката стабилност е тешко остварлива без резултати во политичкиот дијалог.

- Договорот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ треба да донесе конкретни и јасни резултати - изјави Агрон Буџаку од ДУИ по средбата со Рен и додаде дека ДУИ ја разбрала пораката на Европа, која вели дека бојкотот е лоша балканска практика.

Слободан Најдовски од ЛДП е загрижен за извештајот на Мејер, поради формулацијата дека договорот Груевски - Ахмети е договор помеѓу власта и опозицијата, а не договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

(С.Ј.)